Ваш деловен соработник во светот на бизнисот
БИЗНИС ИНФО
102 години
Број 575 | www.mchamber.mk | 18.10.2024

# Азески од Самитот во Истанбул: Слободната и фер трговија треба да биде приоритет во глобалната економска трансформација



## Азески панелист на конференција организирана од Светска банка




31.10.2024, Саем
Покана за EXPO 2025 Osaka
Во организација на Владата на РС Македонија, Стопанската комора на Северна Македонија Ве поканува да се претставите на EXPO 2025 Osaka, како еден од најголемите најавени светски саемски наст...

19.11.2024, Конференција
PL (Private label)во FMCG, B2B средби и купувачка мисија: Клуч до успех или стратегија за преживува...
Јадранската бизнис академија (Adriatic Business Academy) во партнерство со Стопанската комора на Северна Македонија преку Проектот: ;Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција

27.11.2024, Конференција
Покана за учество на меѓународна купувачка Б2Б мисија „Tech Industry 2024“ во Рига, Латвија
Стопанската комора на Северна Македонија, како дел од Enterprise Europe Network, https://een.ec.europa.eu/

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители

достапни насекаде ...

Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

https://www.facebook.com/chamber.mk
https://www.twitter.com/Chamber_MK
https://www.youtube.com/user/MKChamber
https://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# Одбележани 75 години Градежен факултет – соработката меѓу образованието и индустријата е клуч за иднината




Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на свечена академија одбележа значаен јубилеј – 75 години од своето основање.

На настанот поздравно обраќање имаше претседателот на Здружението за градежништво, индустријата на градежните материјали и неметали при Стопанската комора на Северна Македонија, Андреа Серафимовски, кој ја истакна важноста на образованието за градежниот сектор.

„Наша обврска е да продолжиме да работиме на унапредување на образованието и да ги решаваме актуелните предизвици со кои се соочува секторот. Градежниот факултет, кој за време на своето постоење образувал многу стручни лица, продолжува да се развива и да се приспособува на современите потреби, со акцент врз практичната обука и врз соработката со индустријата. Горд сум што сум бил дел од оваа институција, која ми овозможи личен и професионален напредок", рече Серафимовски.

Тој ја потенцираше соработката меѓу образовните институции и индустријата,

особено преку Стопанската комора, која активно се залага за вклучување на приватниот сектор во практичната настава, што е клучно за развој на квалитетен кадар, посочувајќи дека само преку тесна соработка може да се подобри обуката и да се одговори на потребите на компаниите.

„Во услови на иселување на младите и на недостиг од стручен кадар, Факултетот и Стопанската комора работат на иницијативи за промоција на стручното образование и за унапредување на дуалниот систем на образование, преку создавање на иновативни и компетентни професионалци кои ќе придонесат за раст и развој на градежниот сектор и одговорат на потребите на бизнисот“, додаде претседателот на Здружението при Комората.

Поздравни обраќања упатија вицепремиер и министер за транспорт и врски Александар Николоски, деканот Горан Марковски и ректорот Биљана Ангелова. Настанот потсети на богатата историја на Факултетот, но и на значајниот придонес на многу генерации професори и студенти во развојот на градежниот сектор во земјава.

## ИДНИТЕ АКТИВНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР РАЗГЛЕДАНИ НА СЕДНИЦА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Актуелните предизвици во секторот од бизнис-аспект и од аспект на недостигот од кадар беа клучните точки за кои дискутираа членките на Здружението за градежништво, индустријата на градежните материјали и неметалите при Стопанската комора на Северна Македонија на последната седница.

Потребни се нов закон за градење и измени во Законот за јавни набавки, а проблеми има поради долгото чекање на одобренијата за градба, повратот на ДДВ, чекањето исплата на фактури и слично. Овие проблеми беа истакнати на состанокот со предлог во наредниот период да бидат дискутирани со надлежните државни институции.

Поголема видливост и промоција на градежниот сектор за да биде поатрактивна професија за младите е, исто така, на агендата на Здружението за градежништво, индустријата на градежните материјали и неметалите при Комората, за што присутните констатираа дека бизнис-секторот треба да вложи повеќе напори





во промоцијата за да ги привлече младите да го изберат градежништвото како идна професија. Клучен е односот на Стопанската комора, како претставник на бизнис-секторот, со образованието, а ние, како компании од градежниот сектор, можеме да влијаеме преку презентација на добрите пракси и искуства како тема на изучување и како идна професија, истакна претседателот на Здружението, Андреа Серафимовски.

Според податоците од Државниот завод за статистика, Народната банка и од Министерството за финансии, градежниот сектор бележи нагорно движење, иако со слаб интензитет. Платите во секторот се во растечки тренд, со зголемување на просечната нето-плата по вработен од 8,9 %, особено во нискоградбата, каде што зголемувањето изнесува 15,4 %. Сепак, бројот на вработени во вториот квартал од годинава покажува опаѓање од 12,4 %, што укажува на потребата од задржување на стручниот кадар.

Според последните статистички податоци, бројот на издадени одобренија за градба во вториот квартал бележи значајно опаѓање од 21 %, а во нискоградбата дури 51 %. Скопскиот Регион, иако најатрактивен, бележи стагнација, додека, пак, Пелагонискиот Регион покажува позитивни тенденции.

Домашниот бруто-производ, според производствениот метод, е во позитивно движење од 5,1 %, во споредба со падот од 14,8 % во истиот период од минатата година.




# Азески од Самитот во Истанбул: Слободната и фер трговија треба да биде приоритет во глобалната економска трансформација

Азески на Самитот нагласи дека е клучно да се зајакне соработката меѓу науката и бизнисот за да се поттикне одржливиот развој и зелената економија. Тој го потенцира значењето на Софиската декларација, со која земјите од Западен Балкан се обврзаа на зелена агенда и во делот на минимално испуштање на јаглерод, но и во други пет области: климата, енергијата, циркуларната економија, загадување и одржливо производство на храна.

Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески учествуваше на Самитот на Европа и Азија, што се одржа во Истанбул, на тема: „Колаборативен пристап кон климатска акција“, во организација на Светската коморска федерација (World Chambers Federation – WCF) и Унијата на комори и стокови берзи на Турција (TOBB).

Дебатирајќи за улогата на коморите во поттикнувањето на глобалната економска трансформација и климатските промени, највисоките претставници од коморите и деловните лидери се согласија дека слободната и фер трговија треба да биде приоритет, наспроти протекционистичките трендови во одредени области. Имајќи предвид дека 75 отсто од глобалната трговија е регулирана со правилата на СТО, кои обезбедуваат стабилност и предвидливост, бизнис-лидерите порачаа дека за да се одговори на предизвиците на 21 век, мора да се работи на зачувување и подобрување на овие правила.

Во бројните средби во рамки на Самитот со претседателите на стопанските комори, Азески истакна дека СКСМ инсистира да се идентификуваат полињата на соработка помеѓу науката и бизнисот на планот на одржливиот развој и зелената економија, со цел преку стручна и научно-базирана основа, компаниите да се приспособат кон современите трендови во насока на зголемување на конкурентноста и исполнување на строгите услови и критериуми на ЕУ и другите пазари. Азески ја нагласи и важноста на Софиската декларација за Западен Балкан од 10 ноември 2020 година, која ги обврза земјите од овој регион да ја имплементираат зелената агенда и во делот на минималното испуштање на јаглерод, но и во други пет области: климата, енергијата, циркуларната економија, загадување и одржливо производство на храна.

Во рамките на овој настан, Азески оствари средба со претседателот на Трговско-индустриската комора на Текирдаг, Ценгиз Гунај, утврдувајќи ги правците за заедничка натамошна соработка.

Овој настан беше одлична можност да се разменат информации за најновите случувања околу климатските промени и да се подигне свеста за практиките што коморите и бизнис-заедницата ги спроведуваат како одговор на размислувањата за климатските ризици, вклучувајќи инвестициски планови, корпоративни стратегии и корпоративни активности на планот на општествената одговорност. Со тоа тие и практично покажаа дека зелената трансформација не е далечна цел, туку можност и предизвик за компаниите, укажувајќи дека е крајно време да се преземе проактивна улога и во зелената транзиција на економиите од регионот, за да се направи регионот и економски стабилен и одржлив.

На првиот состанок на Советот на жени при коморите во рамки на WCF, на кој од Стопанската комора на Северна Македонија учествуваше д-р Елена Милевска Штрбевска, претседател на Постојаниот избран суд – Арбитража при Комората, се дебатираше за предизвиците и можностите со кои се соочуваат жените во нивните лидерски улоги во коморите и во компаниите. Преку споделените искуства на жените во бизнис-светот се упати порака дека различноста меѓу половите овозможува меѓусебно надополнување што треба да придонесе за подобар успех на тимовите, проектите и плановите, особено имајќи ги предвид предностите на жените како стрпливи и одлични преговарачи, моќни лидери со претчувство за ризик и навремено реагирање во кризни ситуации, како и природниот инстинкт за грижа за тимот, што може да доведат до корпоративен напредок и развој.

БИЗНИС ИНФО 9

# ВИДЕОИНТЕРВЈУ: Азески за Слободен печат – Фирмите покажуваат интерес за кредити од унгарските средства



Претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, во интервју за „Слободен печат" говори за очекуваното зголемување на инвестициската активност во државата и потребата капиталните инвестиции да се реализираат без „марифетлуци". Тој исто така најави дека компаниите кои не добиле навремен поврат на ДДВ, ја имаат поддршката од Комората да ја тужат државата.

Азески изразува оптимизам дека Владата ќе ги исполни обврските кои ги договорила со стопанствениците. Една од тие мерки е кредитната линија од Унгарија, од која дел ќе биде наменет за стопанството. Секоја финансиска поддршка, особено преку поволни кредити, според Азески е позитивен чекор, а веќе се идентификувани компании со проекти кои би биле погодни за кредитна поддршка.

„Проблем за стопанството е доцнењето на државата со поврат на ДДВ, кој треба да се врати во рок од 30 дена според закон. Компаниите имаат право да се жалат, а Комората стои зад нив", истакнува Азески.

Тој додаде дека бизнис заедницата очекува Владата што побрзо да влезе во процесот на реформите, и покрај временските ограничувања со кои се соочила поради формирањето на новите министерства и летниот период.

Во интервјуто, Азески ги потенцираше четирите клучни теми договорени со Владата:

- Обезбедување на кредитна линија од Унгарија;
- Буџетот за следната година и даночниот календар;
- Вклучување на македонски компании во проектот „Бехтел и Енка";
- Реализација на капиталните инвестиции без пренамени и „марифетлуци".

# Азески панелист на конференција организирана од Светска банка




***Во рамки на конференцијата претседателот на Комората дискутираше за важноста на соработката меѓу науката и бизнисот во контекст на климатските промени. На панелот, заедно со претставници од владините институции и Европската Унија, Азески го нагласи значењето на зелената транзиција како клучна можност за компаниите да се адаптираат и напредуваат во новиот глобален еколошки поредок***

Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, учествуваше на конференција организирана од Светската банка каде беа дискутирани наодите од два неодамна објавени извештаи, „Извештај за климатските промени и развојот на Западен Балкан: Компендиум за Северна Македонија" и „Преглед на климатските промени во јавните финансии на Северна Македонија".

На покана на директорот на Светската банка за Косово и Северна Македонија Масимилијано Паолучи, Азески, учествуваше на панел-дискусија заедно со високи претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, како и на делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија.

Азески во своето излагање посочи на важноста од идентификација на можности за соработка меѓу науката и бизнисот во полето на одржлива и зелена економија.

Според претседателот на Стопанската комора, главното прашање кое треба да го одговориме е како да ги претвориме предизвиците на компаниите околу спроведувањето на стандардите за одржлива животна средина во можности и потенцијален напредок за нив.

„Зелената трансформација не е далечна цел, туку сегашна можност и предизвик за компаниите. Свесни сме дека е време да преземеме проактивна улога во процесот на зелена транзиција на нашите економии. Заедно можеме да го направиме Западен Балкан регион кој не е само економски конкурентен, туку и еколошки стабилен и одржлив", потенцираше Азески во разговорот.

За време на дискусијата, тој се осврна на заложбите на Стопанската комора да се идентификуваат полињата на соработка меѓу науката и бизнисот во полето на одржлива и зелена економија, што би придонело за посилна соработка, но и испорачување на повеќе технички, стручни и научно засновани услуги на академската заедница кон бизнис-секторот и компаниите.

Според извештајот на Светска банка, Северна Македонија треба да инвестира 6,4 милијарди американски долари во следната деценија за ефикасна заштита на луѓето и имотот од последиците на климатските промени.

„Природните непогоди несразмерно ги погодуваат ранливите сектори, особено земјоделството, каде малите семејни фарми страдаат од суши и град поради недоволно наводнување, заштита од град и осигурување", изјави Масимилијано Паолучи, директор на Светската банка за Косово и Северна Македонија.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**31.10.2024 , Саем**

# Покана за EXPO 2025 Osaka

Во организација на Владата на РС Македонија, Стопанската комора на Северна Македонија Ве поканува да се претставите на EXPO 2025 Osaka, како еден од најголемите најавени светски саемски настани, кој ќе се одржи од 13.04.2025 – 13.10.2025 во Осака, Јапонија.

Тема на EXPO 2025 Osaka е People's Living Lab – A Laboratory for future society, лабараторија за креирање нова визија на соци-економскиот систем преку споделување на идеи од сите луѓе во светот.

Содржината на програмата на EXPO 2025 Osaka ќе се одвива во рамки на 184 дена на неколку подтеми:

- Спасување на животи (Saving lives)
- Зајакнување на животи (Empowering lives)
- Поврзување на животи (Connecting lives)

Повеќе информации за саемот ќе најдете на https://www.expo2025.or.jp/en/.




Контакт лица:
Билјана Лепавцова
international@mchamber.mk
тел. 02 2344 050



**19.11.2024 , Конференција**

# PL (Private label)во FMCG, B2B средби и купувачка мисија: Клуч до успех или стратегија за преживување?

Јадранската бизнис академија (Adriatic Business Academy) во партнерство со Стопанската комора на Северна Македонија преку Проектот: "Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција" на УСАИД, Ве поканува да земете учество на Регионалната конференција- PL (Private label)во FMCG, B2B средби и купувачка мисија: Клуч до успех или стратегија запреживување? кои ќе се одржат на 18 и 19 ноември 2024 година, во Белград, Србија.

Настанот претставува одлична можност да се пронајдат купувачи/соработници, да се освојат нови пазари, да се споделат искуства со најдобрите PL менаџери; сопственици на трговски ланци, како од регионалните така и од светските експерти од оваа област, како да се освојат нови пазари и да се прошири бизнисот во останатите земји од Западен Балкан и Централна Африка. На настанот ќе земат учество над 10 регионални синџири за малопродажба, повеќе од 15 локални синџири на малопродажба и повеќе од 10 дистрибутивни компании.

Конференцијата ќе донесе искуства, препораки од експерти, како и статистички податоци од Европа и од регионот.

На конференцијата ќе бидат опфатени следните теми:

Ø Брендирање на производ;

Ø Производство на приватна стокова марка PL;

Ø Преговарање со купувачите

Контакт лица:
м-р Ивана Анчев
е-адреса: ivana@mchamber.mk
телефон: +389 2 3244051

**27.11.2024 ,
Конференција**

# меѓународна купувачка Б2Б мисија „Tech Industry 2024" во Рига, Латвија

Стопанската комора на Северна Македонија, како дел од Enterprise Europe Network, https://een.ec.europa.eu/, во соработка со ЕЕН Латвија, ве покануваат да земете учество на реномираниот меѓународен настан „Tech Industry 2024" којшто нуди единствена можност да запознаете многубројни латвиски компании на едно место.

За време на тридневниот настан во Рига (од 28 до 30 ноември 2024 година), саемската манифестација ќе претстави сеопфатен асортиман на производи и услуги - од компоненти до готова опрема и решенија.

Овој настан содржи саемско изложување, бизнис форум и Б2Б средби за време на кои компаниите ќе можат да одржат однапред закажани деловни состаноци со латвиските производители.

Организаторите на странските учесници им ги обезбедуваат следниве бесплатни услуги:

1. Хотелско сместување за 2 претставници по компанија за 2 ноќевања за купувачи кои ќе резервираат и присуствуваат на најмалку 5 состаноци со латвиските добавувачи и производители;
2. Влезници за саем.

Учесниците треба да резервираат и да учествуваат на однапред закажани состаноци со производителите и добавувачите на услуги (најмалку 5) како предуслов за покривање на хотелските трошоци. Само поединци со активна сметка во системот B2match https://www.b2match.com/e/international-buyers-b2b-at-techindustry можат да учествуваат на настанот.

Како да аплицирате:

1. Регистрирајте се како меѓународен купувач на следниот линк:
https://www.b2match.com/e/international-buyers-b2b-at-techindustry/sign-up/create-account
2. Резервирајте ги состаноците
3. Испратете информации за пристигнување: датум/име /компанија на следниот емаил адреса: vita.lejniece@liaa.gov.lv.

Контакт лица:

Влатко Стојановски,
Тел. + 389(2) 3 244-004,
E-mail: vlatko@mchamber.mk

Сашка Велков,
Тел. + 389(2) 3 244-054,
E-mail: sashka@mchamber.mk


СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
TÜV NORD
ISO 9001:2015
Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот
Посетете:
www.mchamber.mk
Ве очекуваме!
http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia
102
години
Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088